Архивски број: 08-479/3
Датум: 03.09.2024

По претставката бр. 08 – 479/1 од 01.07.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted] за заштита од дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 03.09.2024 години го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За офрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 479/1 од 01.07.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted] за заштита од дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на етничка припадност **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 01.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на етничка припадност, од страна на [redacted] против [redacted]

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: **податоци за подносителот (име и презиме и адреса)**, податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), **околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот)**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше опис на фактичката состојба, односно текстуална содржина во однос на дејствијата на дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 04.07.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителката.

Обидот за поштенска достава на адресата наведена во претставката беше неуспешен и од таа причина Комисијата направи втор обид за достава, кој исто така беше

неуспешен. Поради тоа беа направени и два обиди за електронска достава до подносителката на електронската адреса наведена во претставката, кои исто така беа неуспешни. Електронската адреса наведена во претставката беше непостоечка.

**Врз основа на наведеното се заклучува дека претставката не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а не постојат услови истата да биде доуредена.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 479/1 од 01.07.2024 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk